Народна банка на
Република Северна Македонија

Дирекција
за платни системи



# Годишна информација
# за плаќањата во Република Северна Македонија
# во 2019 година

# Агенда

- ПЛАТЕЖНИ ТРАНСАКЦИИ
- КРЕДИТНИ ТРАНСФЕРИ
- ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ
- ПЛАТЕЖНА ИНФРАСТРУКТУРА
- ПЛАТНИ СИСТЕМИ ВО ЗЕМЈАТА
- НАДОМЕСТОЦИ КАЈ КАРТИЧНОТО РАБОТЕЊЕ
- ТРЕНДОВИ КАЈ ИНТЕРНЕТ-ТРГОВИЈАТА



# Платежни трансакции со платни инструменти во земјата

Учество во вкупниот број на безготовински трансакции (%)




Учество во вкупната вредност на безготовински трансакции (%)




- Вкупниот број изнесуваше **127 милиони трансакции, што претставува годишен раст од 11,7%**.
- Вкупната вредност забележа годишен раст од **6,5% и достигна 4.062 милијарди денари**.

# Платежни трансакции со платни инструменти-компаративен контекст

## Учество во вкупниот број безготовински трансакции (%)




## Учество во вкупниот број на трансакции со кредитни трансфери (%)




- **Платежните картички се користат релативно помалку во РСМ** (учеството на трансакциите со платежни картички во вкупниот број на безготовински плаќања во 2019 година изнесува 50%), во споредба со земјите од ЦИЈЕ (58%) и старите земји членки на ЕУ (55%).
- Од друга страна, **во РСМ кредитните трансфери имаат значително учество** (50%) во вкупниот број трансакции со безготовински платни инструменти, што е над просекот на старите земји членки на ЕУ (21%) и ЦИЈЕ (38%).

- Во РСМ се забележува **релативно ниско учество на електронските кредитни трансфери** (44,2%) во вкупниот број кредитни трансфери, во споредба со старите земји членки на ЕУ (92%) и земјите членки на ЦИЈЕ (88%).
- Ваквата состојба укажува на потреба од поголема **промоција и едукација за користење на веќе воспоставената инфраструктура за дигитални плаќања** во домашната економија.

# Број на трансакции со кредитни трансфери

- Вкупниот број трансакции со кредитни трансфери во 2019 г. изнесуваше **63,6 милиони и забележа годишен раст од 5,2%**, при што најголемиот број од нив беа иницирани од страна на **правните лица (70%),** додека остатокот од физичките лица.
- **Правните лица иницираат 54%** од бројот на кредитните трансфери во земјата по електронски пат, додека **физичките лица електронски иницираат 22%** од вкупниот број кредитни трансфери.







- Од аспект на **уредот на кој се иницирани електронските кредитни трансфери**, најголема примена (99%) кај правните лица и натаму има персоналниот сметач, додека, пак, кај физичките лица продолжува трендот на зголемена употреба на апликациите инсталирани на мобилните телефони (24%), за сметка на намалување на учеството на персоналниот сметач.

# Структурно учество на бројот на трансакции со платежни картички на уредите лоцирани во земјата




- Број на трансакции **– 92 милиона, со годишен раст од 14%.**
- Позитивен тренд на **зголемување** на учеството на домашните платежни картички за вршење плаќања на уредите на **физичките места на продажба во земјата, за сметка на намалувањето на учеството на овие картички за повлекување на готовина од банкомати.**

# Структурно учество на бројот на трансакции со платежни картички во прекуграничен контекст

## Трансакции на уредите лоцирани во земјата со картички издадени надвор од земјата




## Трансакции на уредите лоцирани надвор од земјата со картички издадени во земјата




- Број на трансакции **– 7 милиони, со годишен раст од 25,7%.**
- Продолжува трендот на **зголемување** на учеството на трансакциите со нерезидентните платежни картички за вршење плаќања на уредите на **физичките места на продажба во нашата земја.**

- Број на трансакции **– 8 милиони, со годишен раст од 24,9%.**
- Сличен тренд на **зголемување** на учеството на домашните платежни картички за вршење плаќања на уредите на **физичките места на продажба,** при **високо учество** на плаќањата на **виртуелните места на продажба** надвор од земјата.

# Трансакции на уреди опслужувани од страна на резидентни обезбедувачи на платежни услуги во земјата со картички издадени надвор од земјата



# Трансакции на уреди опслужувани од страна на резидентни обезбедувачи на платежни услуги во земјата со картички издадени надвор од земјата



# Трансакции на уреди опслужувани од страна на нерезидентни обезбедувачи на платежни услуги надвор од земјата со картички издадени од земјата



# Трансакции на уреди опслужувани од страна на нерезидентни обезбедувачи на платежни услуги надвор од земјата со картички издадени од земјата



# Платежна инфраструктура
# во 2019 година

- Вкупниот број платежни картички бележи умерен раст од 1,4%., при **значителна промена од аспект на структурното учество на контактно-бесконтактните картички** во вкупниот број на платежни картички (годишен раст од 29%) достигнувајќи 53,2%.




**Број платежни картички на крајот на 2018 година**

**1,847,394**

***1 платежна картичка по глава на жител (0,88)***




- Учеството на **бројот на** ПОС-терминали **коишто поддржуваат картички со контактно-бесконтактна** технологија во вкупниот број уреди, на крајот на 2019 година, изнесува 62,9%, **или годишен раст од 8%**.
- Висок годишен раст од на бројот на **банкомати** со функција за иницирање **кредитен трансфер (22,4%)** и на **банкоматите со функција за депонирање готовина (19%).**
- **Повисок годишен раст на бројот на трговци кои прифаќаат плаќања со картичка на виртуелни места на продажба** (16,8%) во споредба со растот на трговците коишто прифаќаат плаќања со картичка на физички места на продажба (10,2%).

# Платежна инфраструктура во 2019 година

- Вкупниот број трансакциски сметки на крајот на 2019 година изнесуваше **3,96 милиони сметки** и забележа мал годишен раст од **0,3%.**



**Физички лица – 95%**

**Правни лица – 5%**

- **Зголемување од 3 п.п.** на учеството на бројот на сметките коишто нудат можност за електронски плаќања во вкупниот број трансакциски сметки. Сепак, само **12% од вкупниот број трансакциски сметки нудат можност за електронски плаќања**, што укажува на ограничена искористеност на дигиталните банкарски канали за вршење на плаќања.

- Оваа ограниченост е особено изразена кај **физичките лица кај коишто само 11%** од трансакциските сметки овозможуваат иницирање електронски плаќања, додека состојбата кај **правните лица е релативно подобра, 31%.**

- **Вкупниот број на депоненти** на крајот на 2019 година изнесуваше **1,81 милион**.

- Депонентите (физички и правни лица) може да имаат една или повеќе сметки во истата банка или во различни банки.

**Депонент физички лице**



**2,2 трансакциски сметки**

**Депонент правно лице**



**1,6 трансакциски сметки**

**Трансакциски сметки коишто нудат можност за електронски плаќања**

**11%** **Физички лице**



**31%** **Правно лице**

# Платежна инфраструктура во 2019 година

- Бројот на блокирани трансакциски сметки на крајот на 2019 година, коишто се во сопственост на **108.215 блокирани депоненти, изнесуваше 231.884** (или 5,85% од вкупните трансакциски сметки) и оствари **годишен пад од 2,1%.**
- Блокираните сметки на **физичките лица – 191.265** коишто се во сопственост на 80.636 физички лица, бележат пад од 1,2%, додека пак блокираните сметки на **правните лица (40.619)** коишто се во сопственост на 27.579 блокирани депоненти правни лица, бележат годишен пад од 5,9%.



# Платни системи во земјата во 2019 година

**Вкупна вредност 14.185 милијарди денари**
**Годишен раст од 82%**



**МИПС**
**97%**
13.758 млрд.
**КИБС**
**3%**
426 млрд.
**КАСИС**
**0,0003%**
0,035 млрд.

**Вкупен број на трансакциите 30,7 милиони**
**Годишен раст од 3%**



**МИПС**
**18%**
5,5 мил.
**КИБС**
**82%**
25,2 мил.
**КАСИС**
**0,02%**
0,007 мил.

# Надоместоци коишто се наплатуваат од трговците на продажните места во 2019 година

- **Намалување на надоместоците се забележува речиси кај сите категории** и тоа кај трговците со висок годишен промет од 10 до 50 мил МКД (0,02 п.п.), понатаму кај трговците со промет над 50 мил. МКД  (за 0,01 п.п) и кај трговците со промет од 1 до 10 мил. МКД (за 0,01 п.п.).
- **Пораст кај надоместокот е забележан единствено кај трговците со годишен промет понизок од 1 мил. (за 0,04 п.п.).**




- Од аспект на дејноста на трговецот, **највисок надоместок и натаму се наплатува од„државните институции“ (1,70%) и „електронската трговија“ (1,63%).**
- Од друга страна, во 2019 година**,** слично како и во 2018 година**, најнизок надоместок** се бележи кај дејноста **„бензиски станици“ (0,88%)**






# Интернет-корисници кои нарачале стоки/услуги на интернет во последните 12 месеци (%)

- Во период од 4 години (2016-2019 година), се забележува **зголемување на учеството на населението во ЕУ кое купува преку интернет за 8 п.п. и достигнува 63%** од населението кое користело интернет во 2019 година.
- Позитивни тенденции се забележуваат и во Република Северна Македонија, каде што **процентот на население кое користи и купува преку интернет се зголемува од 16% во 2016 година на 29% во 2019 година**.






# Интернет-корисници кои купувале производи/услуги за лични потреби по групи на возраст (2019, %)

- **Во ЕУ возрасните групи од 25 до 34, 16 до 24 и 35 до 44 години имале највисок процент на интернет-купувачи (со 81%, 77% и 74%, соодветно),** додека **во земјата најмногу купувале преку интернет лицата во рамки на возрасната група од 25 до 34 и од 16 до 24 години (со 47% и 45%, соодветно).**
- Повозрасните лица, а особено оние во **возрасната група од 55 до 74 години, купувале многу помалку на интернет**, што е особено забележително во земјата каде што нивното учество е 9%.






# Интернет-корисници кои купувале производи/услуги за лични потреби во последните 3 месеци (2019, %)

- Најголемиот дел од населението **во Република Северна Македонија потрошило помалку од 50 евра** за купување стоки и услуги на интернет, додека, пак, најголем дел од населението во ЕУ потрошило повеќе од 100 до 500 евра.
- Најголемиот број од купувачите преку интернет во **Република Северна Македонија (64%) направиле 1-2 купувања** во 2019 година, додека во ЕУ најголемо учество имаат купувањата во категориите 1-2 пати (32%) и 3-5 пати (34%).

**Висина на парични средства потрошени за интернет купувања (2019, % ЕУ/РСМ)**




**Број на интернет купувања (2019, % ЕУ/РСМ)**



# Интернет-купувања од аспект на видот на стоките и услугите (2019, %, ЕУ/РСМ)

➢ **Од аспект на видот на стоките и услугите, населението во Република Северна Македонија најмногу купувало облека и спортска опрема на интернет,** додека во ЕУ постои поголема разновидност на стоките и услугите коишто се купувале преку интернет (облека и спортска опрема, патувања и хотелски аранжмани, производи за домаќинство, билети за настани, книги, списанија и весници и сл.).






# Национални и прекугранични интернет-купувања (2019, %)

- **Населението од Република Северна Македонија најмногу купувало од интернет-трговци во националната економија (20%) и интернет-трговците надвор од ЕУ** (15%) во 2019 година, што претставува зголемување за 14 п.п, односно 4 п.п соодветно, во однос на 2016 година.
- Од друга страна, **најголемиот процент од населението во ЕУ купувало од интернет-трговци во националната економија** (55% во 2019 година). Сепак, се забележува и мал пораст на населението кое купувало од интернет-трговци во други земји на ЕУ и надвор од ЕУ во споредба со 2016 година.






# Корисници кои користеле интернет за електронско банкарство во последните 3 месеци (%)

- Во изминатиот четиригодишен период, забележан е **нагорен позитивен тренд на зголемување на бројот на корисници на интернет- банкарството за 9 п.п. во 2019, во однос на 2016 година и достигнува 58% од населението кое користело интернет за вршење плаќања на ниво на ЕУ.**

- Слични тенденции се забележуваат и **во Република Северна Македонија, каде што процентот на население кое користи интернет- банкарство се зголемува од 9% во 2016 година на 15% во 2019 година.**






# Благодариме